Образец А1

# ПОДАТОЦИ ЗА БУЏЕТСКИОТ КОРИСНИК

Буџетски корисник: Биро за судски вештачења Раздел:25001 РКБ: 00493

Адреса: Бул. "Гоце Делчев" бр.18, МРТВ 19-КАТ, 1000 Скопје

Контакт лице: Директор, м-р Дени Ѓорчевски

Број на телефон: 02/3238-553

Email: contact@bsv.gov.mk Website: www.bsv.gov.mk

Опис и главни функции на буџетскиот корисник (не повеќе од 8 реда)
Бирото за судски вештачења е орган во состав на Министерство за правда надлежен за вршење активности поврзани со вештачења и супер вештачења за потребите на судовите и јавните обвинителства на РМ,правни и физички лица, јавниот и приватниот сектор, како и стручни анализи и процени за потребите на државните органи, за предмети од разни области: финансиско-материјално работење, градежништво, архитектура, машинство, сообраќај, електротехника, агроекономија итн.

Постигнати резултати во 2017 година

- Зголемен број на завршени предмети од вработени вешти лица во Бирото за судски вештачења.
- Стручно изработени вештачења, супер вештачења, стручни анализи и експертизи, завршени сложени предмети од обласа на организиран криминал, извршени процени за експропријација на инфраструктурни проекти, процена на штети предизвикани од неповолни климатски услови, како и процена на закупнина, одземен имот, спортски објекти, деловни објекти и др. објекти во државна сопственост;
- Реализација на Четврто Стручно Советување за Сообраќајно-технички вештачења и размена на искуство со врвни експерти од Европа од обласа на Сообраќајно-технички вештачења, со цел поголема ефикасност и ефективност во вештачењата од оваа област.

Приоритети и цели за 2018 година

- Зголемен број на завршени предмети од внатрешно вработени вешти лица и зголемување на ефикасност и ефективност во изработка на вештачења и проценки.
- Инвестирање во образование и наука со цел подобрување на стручноста кај вештите лица во изготвување на вештачења и проценки.
- Формирање на лаборатории и инвестирање во информатичка технологија за економски, градежни и машински вештачења, со цел изготвување вештачења и проценки со најсовремена опрема и методи;
- Организирање на Петто Стручно Советување за Сообраќајно-технички вештачења и организирање на советување од други области најзастапени во судските постапки.

Стратешки приоритети утврдени во Стратешкиот план (Ве молиме да приложите копија од Стратешкиот план)

- Стратешки приоритет на Биро за судски вештачења: Квалитетно, стручно и навремено изготвување на вештачења, супервештачења, процени и стручни анализи.
- Стратешки цели на Биро за судски вештачења:Подобрување на квалитетот и професионалноста во изготвување на вештачења и процени и Поголем придонес во навремено извршување на судските пресуди во граѓанска и кривична постапка.
- Стратешки цели на Биро за судски вештачења кои се во корелација со Министерство за правда: Зајакнување на независноста, зголемување на ефикасноста и професионалноста на Судството и Јавното Обвинителство и Бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото.

- Образец А2

ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА БУЏЕТСКИТЕ ПРОГРАМИ
КАЈ БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ

Име на буџетската програма: Судски вештачења

Број на буџетска програма: Програма 20

Краток опис на буџетската програма: Буџетската програма опфаќа активности поврзани со вештачења и супер вештачења за потребите на судовите и јавните обвинителства во РМ, правни и физички лица, јавниот и приватниот сектор, а за предмети од разни области од кои најзастапени се: финансиско - материјално работење, градежништво, архитектура, машинство, сообраќај, електротехника и агроекономија, како и проценки само за потребите на органите на државната управа.

Предложени индикатори на остварување или мерки за вреднување на резултатите во 2018 година:

Аутпут индикатор: Број на завршени предмети

Дефиниција на индикаторот: Број на завршени предмети: вештачења, супер вештачења,стручни анализи и процени.

Објаснување/Важност: Успешност на имплементација на Програмата произглегува од зголемен број на стручно и навремено завршени вештачења и супер вештачења со цел обезбедување на предуслови за објективност на правниот систем (судовите и обвинителствата), како и поголемиот број на стручно и навремено завршени проценки за потребите на органите на државната управа.

Пресметка: Вкупен број на завршени предмети по години

Аутпут индикаторот по одделни години:

| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Вештачења: | 1800 | 1900 | 2000 | 2200 |
| Процени: | 300 | 350 | 400 | 500 |